# 416. СТОЈАНКА БОЛНА ПАДНАЛА

***Рубато*** ♩. = 80




Стојанка болна паднала, џанам,
мајка ј’ до нејзе седнала,
мајка и тиво говори:
- Стани ми ќерко Стојанко.
- Не можам, мајко, да станам,
тешко си лежам ќе умрам.
Мајка и тиво говори:
- Стани ми ќерко Стојанко,
у село свадба имаше,
твојте другарки играва,
и тебе ми те викава.
Стојанка вели говори:
- Не можам, мајко, да станам,
не можам, мајко, да станам,
тешко си лежам ќе умрам.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995